Друштво за осигурување

**ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје**

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ

## ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

ОД ПРЕКИН НА РАБОТА ПОРАДИ

ПОЖАР И НЕКОИ ДРУГИ ОПАСНОСТИ и КРШЕЊЕ НА МАШИНИ

Февруари 2022 година

## ДЕФИНИРАЊЕ НА ИЗРАЗИ ВО ОВИЕ УСЛОВИ

1. **Осигурувач** – ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје
2. **Договарач на осигурувањето** - е лице (правно или физичко) кое склучува договор за осигурување со осигурувачот.
3. **Осигуреник -** е правно лице кое со ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје има склучено, или истовремено со склучувањето на договорот за осигурување од финансиски загуби склучи договор за осигурување на основните средства и непаричните обртни средства од опасност од пожар и некои други опасности, или договор за осигурување на основните средства од опасност од кршење на машини.
4. **Сума на осигурување** – најголемиот износ утврден во договорот за осигурување од финансиска загуба, кој осигурувачот е обврзан да го плати ако настане осигурен случај, и тоа како вкупен лимит на покритие за сите осигурани случаи во текот на важноста на договорот за осигурување.
5. **Гарантен рок –** договорен период за кој осигурувачот е должен да му ја надомести на осигуреникот штетата на име финансиска загуба како последица од прекин на работа заради пожар и некои други опасности, или прекин на работа заради кршење на машини, сметајќи од денот кога настанал осигурениот случај.
6. **Премија** - претставува паричен износ што договарачот на осигурувањето, односно осигуреникот е должен да му ја плати на осигурувачот.
7. **Осигурен случај** - е иден, неизвесен и од волјата на осигуреникот независен настан, кој има за последица настанување на материјална штета за која осигуреникот може да бара надомест. Како еден осигурен случај се сметаат и повеќе временски поврзани штети ако тие се последица од иста причина.
8. **Полиса** - писмена исправа за договорот за осигурување од финанасиски загуби како последица од прекин на работа заради пожар и некои други опасности, односно договорот за осигурување од финансиски загуби како последица од прекин на работа заради кршење на машини, што осигурувачот му ја издава на осигуреникот.

   Условите за осигурување се составен дел на договорот и му се приложуваат на договорувачот при склучување на полисата. Полисата за осигурување од финанасиски загуби како последица од прекин на работа заради пожар и некои други опасности, односно заради кршење на машини, важи и е временски ограничена со важечка полиса за осигурување од пожар и некои други опасности, односно важечка полиса за осигурување од опасност од кршење на машини, која осигуреникот ја има склучено со осигурувачот за производните или економските единици за кои се склучува осигурувањето од финансиски загуби.

9. **Штета од прекин на работа** - износот на добивката кој осигуреникот во периодот на застојот (гарантниот рок) не можел да го оствари и непокриениот износ на осигурените трошоци настанати во тој период.

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

## А. ОСИГУРУВАЊЕ ОД ФИНАНСИСКИ ЗАГУБИ КАКО ПОСЛЕДИЦА ОД ПРЕКИН НА РАБОТА ЗАРАДИ ПОЖАР И НЕКОИ ДРУГИ ОПАСНОСТИ

**Склучување на договор за осигурување**
**Член 1**

Договор за осигурување од финансиски загуби како резултат на прекин на работа заради пожар и некои други опасности, може да склучи секое правно лице кое врши трговска дејност со која остварува приход, а со осигурувачот претходно или во исто време, има склучено договор за осигурување на основните средства, како и непаричните обртни средства од опасност од пожар и некои други опасности.
Осигуреникот е должен да склучи осигурување за сите производни и економски единици на иста локација, без разлика дали се наоѓаат на посебен или единствен ризик. Доколку тоа не го направи, при утврдување на штета ќе се применува пропорција.
Доколку посебно се договори, осигуреникот може да склучи осигурување на производните или економски единици кои не се правни лица (подружници, погони и сл.), но под следните услови:

1) да се наоѓаат на одвоен ризик и да не се технолошки поврзани,
2) да се обезбеди меродавна евиденција,
3) да се остварува приход како одделна економска единица,
4) во смектоводствената евиденција, добивката и трошоците на економската единица да се искажуваат одделно.

**Предмет на осигурување**
**Член 2**

Предмет на осигурување од финансиски загуби по овие услови можат да бидат:

1) **добивката** која осигуреникот ја остварува со обавување на регистрирана дејност и/или,
2) **трошоците** на работење на осигуреникот кои имаат фиксен карактер, и кои осигуреникот ги има без оглед дали ја обавува дејноста или не.

Не се смета за добивка делот од добивката кој се остварува од вонредни приходи на осигуреникот како: промет со парични средства, приходи од камати, исправка на финансиски резултат и сл.
Не се сметаат за трошоци, трошоците кои се директно врзани за стопанската дејност (трошоци за суровини, репроматеријали енергија потрошена во погонот и сл.).

**Осигурени ризици**
**Член 3**

Според овие услови, осигурувачот е должен на осигуреникот да му ја надомести штетата предизвикана со прекин на работа како последица на следните основни опасности:

1) пожар и удар на гром,
2) експлозија, освен нуклеарна експлозија;
3) луња;
4) град;
5) удар со сопствено моторно возило и сопствена работна машина во осигурен градежен објект;
6) паѓање на воздушно летало;

Доколку осигурувачот и осигуреникот посебно се договорат, и осигуреникот плати дополнителна премија, осигурителната заштита може да се прошири и на некоја од следните дополнителни опасности:

1) поплава, порој, и високи води,
2) земјотрес,
3) лизгање и одронување на земјиште,
4) слегнување на тлото,
5) снежна лавина,
6) истечување на течности (лекажа),
7) самозапалување на залихи,
8) излевање на вжарена течна растопена маса,
9) удар на непознато моторно возило во осигурен градежен објект

**Исклучени ризици**
**Член 4**

Осигурувачот не е во обврска да ја надомести финансиската загуба настаната како резултат на прекин на работа заради пожар и некои други опасности на осигуреникот поради:

1) Недостатоци или грешки кои постоеле во моментот на склучување на договорот, а овие грешки или недостатоци биле или морале да бидат познати на осигуреникот;
2) Непосредни последици на трајни хемиски, топлински, механички, атмосферски и други влијанија и услови на чување и работа;
3) За посредни штети настанати во врска со осигураниот случај (глоби, пенали и сл);
4) Штети настанати поради војна, инвазија, дејства на странски непријатели, непријателски или воени операции (без оглед дали војната е објавена или не), дејство на тероризам, граѓански војни, бунт, револуција, востание, граѓански немири, воена или узурпаторска сила, како и конфискација, реквизиција, уништување или оштетување имот направени или наредени од извршна, јавна или локална власт;
5) Штети кои директно или индиректно произлегуваат од нуклеарна експлозија, нуклеарна или хемиска контаминација, користење на азбест односно е резултат или последица на тоа користење независно од количината или формата на
азбестот од изложување на ласерски, ултравиолетови, рентгенски зраци,
,
магнетни и електро магнетни полиња или на било какви зрачења независо од нивниот извор;
6) Штрајк;
7) Манифестација и демонстрација;
8) Штети предизвикани од производи со недостатоци.

## Б. ОСИГУРУВАЊЕ ОД ФИНАНСИСКА ЗАГУБА КАКО ПОСЛЕДИЦА ОД ПРЕКИН НА РАБОТА ЗАРАДИ КРШЕЊЕ НА МАШИНИ

**Склучување на договор за осигурување**
**Член 5**

Договор за осигурување од финансиска загуба како резултат на прекин на работа зaради кршење на машини, може да склучи секое правно лице кое врши трговска дејност со која остварува приход, а со осигурувачот претходно или во исто време, има склучено договор за осигурување на основните средства од опасност од машини од кршење.
Осигуреникот е должен да склучи осигурување за сите производни и економски единици на иста локација, без разлика дали се наоѓаат на посебен или единствен ризик. Доколку тоа не го направи, при утврдување на штета ќе се применува пропорција.
Доколку посебно се договори, осигуреникот може да склучи осигурување на производните или економски единици кои не се правни лица (подружници, погони и сл.), но под следните услови:

1) да се наоѓаат на одвоен ризик и да не се технолошки поврзани,
2) да се обезбеди меродавна евиденција,
3) да се остварува приход како одделна економска единица,
4) во смектоводствената евиденција, добивката и трошоците на економската единица да се искажуваат одделно.

**Предмет на осигурување**
**Член 6**

Предмет на осигурување од финансиска загуба по овие услови можат да бидат:

1) добивката која осигуреникот ја остварува со обавување на регистрирана дејност и/или,
2) трошоците на работење на осигуреникот кои имаат фиксен карактер, и кои осигуреникот ги има без оглед дали ја обавува дејноста или не.

Не се смета за добивка делот од добивката кој се остварува од вонредни приходи на осигуреникот како: промет со парични средства, приходи од камати, исправка на финансиски резултат и сл.
Не се сметаат за трошоци, трошоците кои се директно врзани за стопанската дејност (трошоци за суровини, репроматеријали енергија потрошена во погонот и сл.).

**Осигурени ризици**
**Член 7**

Со осигурувањето од финансиски загуби како последица на прекин на работа зaради кршење на машини се осигурува ризикот оштетување или уништување на предметот на осигурување од незгода во погонот под која се подразбираат настани што се случуваат непредвидено и одеднаш во врска со користење на предметот на осигурување, како и невнимание на работници или било кое друго лице (во останатиот текст на овие услови: кршење на машини), на следните подвижни предмети:

1) машини;
2) машински уреди;
3) електрични уреди и нивното полнење, доколку вредноста на полнењето е содржана во вредноста на осигурените предмети;
4) апарати и
5) инсталации, заедно со основата, лежиштето и темелот, доколку нивната вредност се содржи во вредноста на монтажата.

Доколку осигурувачот и осигуреникот посебно се договорат, и осигуреникот плати дополнителна премија, осигурителната заштита може да се прошири и на некоја од следните дополнителни опасности:

1) далноводи;
2) кабловски водови со висок напон;
3) цевководи, гасоводи, нафтоводи и топловоди;
4) водоводна канализациона мрежа;
5) инсталации и централно греење;
6) основи, лежишта и темели кога нивната вредност не се содржи во вредноста на осигурениот предмет од став 1 на овој член;
7) багери во рудниците (површински коп);
8) метални силоси и слични метални конструкции;
9) антенски столбови;
10) дупчалки и тешки шипки, работни шипки, армирани свитливи цевки за плакнење под висок притисок, премини и стабилизатори на дупки;
11) ленти, синџири и јажиња на транспортни уреди;
12) валците на валалничните станови;
13) маслото на осигурените турбини и полнење на електрични уреди (масло за трансформаторите и сл.);
14) крупен алат.

Надоместот на штета како последица на прекин на работа заради кршење на машини важи само за оние подвижни предмети кои се означени во полисата.

Надоместот на штета како последица на прекин на работа заради кршење на машини важи само доколку настанал осигурен случај по полисата од осигурвање од опасност кршење на машини.

**Исклучени ризици**
**Член 8**

Осигурувачот не е во обврска да ја надомести финансиската загуба настаната како резултат на прекин на работа заради кршење на машини кај осигуреникот поради:

1) Провална кражба и разбојништво, штетно дејство на нуклеарна енергија, ерупции, освен истражни ерупции, доколку тоа посебно се договори;
2) Поради недостатоци или грешки кои постоеле во моментот на склучувањето на осигурувањето, а овие недостатоци или грешки биле или морале да му бидат познати на осигуреникот;
3) Непосредни последици на трајни хемиски, термички, механички атмосферски и други влијанија и услови за сместување и работа оксидации, стареење, корозија, зрачење, прекумерни вибрации и сл,;
4) Последици од сите видови на трошење: абење, ерозија, кавитација и сл.;
5) Прекумерни наслаги на рѓа, каменец на котловите, талог, тиња и сл., па и кога поради тоа настанало уништување или оштетување на осигурените нешта;
6) Преоптовареност на машините, машинските и електричните уреди, апарати и инсталации преку границите на нивните проектни параметри;
7) Ставање во погон пред конечната поправка;
8) Монтирање и пробно испитување на новите нешта;
9) Динамично вртење на ротациони делови на машините, ротори, турбини, генератори и сл., доколку посебно не се договори;
10) Повреда на техничките и други прописи и упатства за техничка експлоатација на осигурените нешта, како и заштитни мерки;
11) За посредни штети настанати во врска со осигурениот случај (глоби, пенали и сл);
12) Штети настанати поради војна, инвазија, дејства на странски непријатели, непријателски или воени операции (без оглед дали војната е објавена или не), дејство на тероризам, граѓански војни, бунт, револуција, востание, граѓански немири, воена или узурпаторска сила, како и конфискација, реквизиција, уништување или оштетување

имот направени или наредени од извршна, јавна или локална власт;
13) Штети кои директно или индиректно произлегуваат од нуклеарна експлозија, нуклеарна или хемиска контаминација, користење на азбест односно е резултат или последица на тоа користење независно од количината или формата на азбестот, од изложување на ласерски, ултравиолетови, рентгенски зраци, магнетни и електро магнетни полиња или на било какви зрачења независно од нивниот извор;
14) Штрајк;
15) Манифестација и демонстрација;
16) Штети предизвикани од производи со недостатоци.

Врз основа на полисата за осигурување од финансиска загуба како резултат на прекин на работа поради машини од кршење, осигурувачот не е должен да ја надомести штетата и во следните случаи:

1) Во случај кога согласно важечките законски прописи или по договор одговара производителот, односно дистрибутерот на предметот на осигурување. Ако производителот односно дистрибутерот ја оспорува одговорноста, а штетата е предизвикана од незгода во погонот, одредена во член 7 од овие услови, осигурувачот ќе му исплати надомест на осигуреникот, а потоа до износот на исплатениот надомест ќе стапи во сите права на осигуреникот спрема производителот, односно дистрибутерот на предметот на осигурување.
2) За трошоците за демонтирање и ремонтирање, кои се направени со цел редовен преглед или одржување за предметот на осигурување (периодични поправки, замена на истрошените делови), па и кога во тој случај ќе се утврди оштетување на предметот на осигурување од осигурениот ризик на осигурената опасност. Надоместот во овој случај ќе ги опфати само трошоците за финансиска загуба при поправка или замена на оштетените делови кои не биле предвидени за периодична поправка односно замена.

## ОБВРСКИ ЗА ОСИГУРУВАЧОТ И ОСИГУРЕНИКОТ

**Висина на сумата на осигурување**
**Член 9**

Висината на сумата на осигурување ја определува осигурувачот вкупно или по делови:

- Како сума на осигурување (најмал износ) која претставува износ добиен со множење на годишниот планиран износ со количникот на должината на гарантниот рок и периодот на траење на осигурувањето (секогаш 12 месеци).
- Како сума на осигурување - збир на месечно договорени износи во текот на една година.

(За точноста на податоците одговорен е договарачот на осигурувањето.)
Овие износи се најмали износи на кои може да се склучи осигурувањето. Тоа значи дека доколку осигуреникот оцени дека предвидената бруто добивка, односно трошоците не се доволни за да ја покријат евентуалната штета во наредниот период, тој може, согласно тарифата на премии да договори месечно зголемување на сумата на осигурување за (5%, 10%, 15% итн.) со соодветен доплаток на премијата од 30%, 75%, 140% итн.).

**Гарантен рок**
**Член 10**

Гарантениот рок може да се договори на најмалку 1 (еден), а најмногу 3 (три) месеци, сметајќи од денот кога настанал осигурениот случај.
Гарантниот рок во текот на важноста на полисата за осигурување од финансиска загуба како последица од прекин на работа заради пожар и некои други опасности, односно полисата за осигурување од финансиска загуба како последица од прекин на работа заради кршење на машини, се намалува кумулативно за бројот на деновите за кој бил пресметан надомест на штета.
При наредниот прекин на работа, осигурувачот е должен да исплати надомест на штета само за остатокот (неискористениот период) од гарантниот рок.

Договорувачот и осигурувачот може да договорат период сметајќи од денот кога настанал осигурениот случај за кој осигурувачот нема обврска да надомести штета. Овој период не може да биде пократок од 5 (пет) дена.
Надоместот за секој осигурен случај се намалува за 10% (десет проценти) задолжително учество на осигуреникот во секоја штета, но не помалку од 1.000 евра во денарска противвредност.
По искористување на целиот гарантен рок (поради еден или повеќе прекини на работата) осигурувањето се прекинува.

**Надомест на штета**
**Член 11**

Доколку настапи осигурен случај, на осигуреникот му се надоместува износот на реалната добивка која истиот не можел да ја оствари поради прекинот на работа за делот од гарантниот период додека тој прекин траел, но најмногу до сумата на осигурување.
На осигуреникот му се надоместуваат и трошоците на работење кои имаат фиксен карактер, доколку истите се и понатаму потребни и економски оправдани кои осигуреникот би ги имал и да не бил прекинот на работа, но најмногу до поединечните лимити на покритија, односно до сумата на осигурување.
При утврдување на штета поради прекин на работа задолжително се земаат во предвид сите околности кои влијаеле позитивно или негативно на деловниот резултат и да не бил прекинот на работа
За траење на прекин на работа до 5 работни дена не се пресметува и исплаќа надомест за штета. Ако прекинот трае повеќе од 5 работни денови, надоместот за целиот период на прекинот за намалува за тие пет работни денови.
Надоместот за секој осигурен случај се намалува за 10% (десет проценти) задолжително учество на осигуреникот во секоја штета, но не помалку од 1.000 евра во денарска противвредност.
Надоместот на штета од осигурување од финансиска загуба не може да му служи на осигуреникот како основа за стекнување на неоправдана економска добивка.

**Обврска на осигуреникот кога ќе настане осигурен случај**
**Член 12**

Доколку постои непосредна опасност за случување на осигурен случај, или истиот почнал да се случува, или се случил, осигуреникот е должен веднаш усмено да го извести осигурувачот за тоа, а во секој случај и писмено да го извести најдоцна наредниот ден. Во случај осигуреникот да не ја исполни оваа обврска, или пак да не ја исполни навремено, осигурувачот може да го утврди финансискиот ефект од неисполнување на таа обврска, и сразмерно на тоа да го намали износот за надомест на штета.
Осигурувачот и осигуреникот се согласни да се смета дека осигурениот случај настанал во оној момент кога осигурувачот бил известен од осигуреникот за настанувањето на осигурениот случај.
Во случај на прекин на работа, осигуреникот е должен во најкраток можен рок да ги превземе следните дејствија:

1) да ги превземе сите мерки потребни за отстранување или намалување на штетата од прекин на работа во најкраток временски период, а особено да превземе мерки кои ќе го намалат траењето на прекинот и во тој поглед да се придржуваат до упатствата кои му ги дава осигурувачот,
2) за да се намали штетата да се превземат мерки во рамки на можностите, работниците кои останале без работа поради прекинот да се ангажираат во било кој друг погон или економска единица,
3) да дозволи на осигурувачот, неговите претставници и стручни лица да извршат истражување и утврдување на причината и на висината на штетата и обемот на обврска за надомест на штетата, како и на барање на осигурувачот да ги доставаат сите извештаи и останати документи кои можат да послужат за оваа намена. Особено е должен за таа цел да ги стави на располагање договорите за гаранција на опремата, деловните книги, биланси, пописни листи, сметки, белешки за работењето за период од тековната година, а

по потреба и за претходни години.

4) по барање на осигурувачот, заедно со осигурувачот да направи вонреден попис на основни средства и залихи на стоки.

Ако осигуреникот не исполни некоја од обврските од став (3) од овој член, обврската за надомест на штета се намалува за онолку колку е настаната повисока штета поради неисполнување на тие обврски.

**Утврдување висина на надоместок од осигурување**
**Член 13**

Висината на надоместот на штетата се утврдува врз основа на познати и признати методи прилагодени на секоја конкретна ситуација со цел што пообјективна и поточна проценка земајќи за база евиденција, податоци и документи кои се одобрени од соодветните институции или се од таков карактер да претставуваат реална основа за таа намена.

Во одредени ситуации мора да се користат меродвани податоци од претходен период или неколку претходни години.

**Надомест на трошоци за отстранување и намалување на штетата**
**Член 14**

Осигуреникот е должен да ги превземе сите мерки за да спречи настаннување на прекин на работа, а кога ќе дојде до тоа е должен да ги превземе сите мерки во своја моќ штетата да се намали или да не се зголеми.
Доколку осигуреникот за непревземање на овие мерки немал оправдани причини, обврската на осигурителот се намалува за онолку за колку што е штетата со тоа зголемена со тоа непревземање.
Осигурувачот е должен да ги надомести без ограничување трошоците од став 1 и тогаш кога превземањето на тие мерки не ги дало очекуваните резултати.
Осигурувачот може, доколку осигуреникот не превземе договорени или наредени мерки ни по одредениот рок, а поради тоа дојде до зголемување на штетата, за соодветниот износ да ја намали штетата.

**Важност на другите услови за осигурување**
**Член 15**

Ако не се во спротивност со овие Услови, за осигурувањата склучени по овие Услови се применуваат и:

- Општите услови за осигурување на имот
- Услови за осигурување од пожар и некои други опасности.
- Услови за осигурување на машини од кршење.
- Услови за осигурување од прекин поради пожар и некои други опасности

**Престанок на договорот за осигурување**
**Член 16**

Договорот за осигурување од финансиска загуба како последица од прекин на работа заради пожар и некои други опасности, односно договорот за осигурување од финансиска загуба како последица од прекин на работа заради кршење на машини, склучен согласно овие Услови престанува да важи во следните случаи:

- престанок на важноста на договорот за осигурување на основните средства, како и непаричните обртни средства од опасност од пожар и некои други опасности или на договорот за осигурување на основните средства од опасност од кршење машини,
- со исплатата на осигурената сума од страна на на осигурувачот,
- со истекот на гарантниот период од чл.10 од овие Услови,

- во други случаи предвидени во Закон.

## ДРУГИ ОДРЕДБИ

**Начин на поднесување на оштетно побарување**
**Член 17**

Осигуреникот/корисникот на осигурување има право да поднесе оштетно побарување до Осигурувачот кое задолжително се доставува во писмена форма до Генералната дирекција на Друштвото, на адреса на седиштето на Друштвото во податоците на Друштвото во Централниот регистар на РМ, и тоа лично или по пошта.
Доколку договорот за осигурување е склучен преку Осигурително брокерско друштво, во случај на настанување на осигуран случај, при поднесување на оштетното побарување, осигуреникот може да побара помош од Осигурително брокерското друштво.

**Орган надлежен за супервизија во осигурување**
**Член 18**

Осигуреникот/корисникот на осигурување има право да поднесе жалба, односно приговор во однос на работењето на Осигурувачот, како и во однос на работењето на Осигурително брокерското друштво, Друштво за застапување во осигурувањето и/или Застапник во осигурувањето (доколку договорот за осигурување е склучен со посредство на некој од овие субјекти) до Агенцијата за супервизија на осигурување на РМ како надлежен орган за супервизија во осигурувањето.

## ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

**член 19 Информации во врска со обработка на лични податоци**
[1] Идентитет и контакт на податоците на контролорот и офицерот за заштита на личните податоци: Контролор: Друштво за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје, Седиште во Скопје на ул. Мајка Тереза бр.1 влез 2, e-mail: info@halkinsurance.com.mk, Офицер за заштита на личните податоци: dpo@halkinsurance.com.mk. Дополнителни податоци за офицерот за заштита на личните податоци може да најдете на интернет страницата на Друштвото www.halkinsurance.com.mk.

**член 20 Обработка и заштита на личните податоци**
[1] Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје врши обработка (собирање, евидентирање, организирање, чување итн.) на лични податоци на осигуреници, договорувачи на осигурување, нивните законски застапници или полномошници во согласност со одредбите на Законот за заштита на лични податоци и другите релеванти позитивни законски прописи, применувајќи соодветни технички и организациски мерки за обезбедување на безбедност на личните податоци. Собраните лични податоци се дел од збирките на лични податоци на Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје, а Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје во својство на контролор на личните податоци, истите ги користи согласно основните начела за обработка на лични податоци дефинирани во Законот за заштита на личните податоци.

**член 20-а Правен основ за обработката на личните податоци**
[1] Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје обработува лични податоци кои се неопходни при склучување на договорите за осигурување (полиси), врз основа на член 109 од Законот за супервизија на осигурување, а во согласност со Законот за заштита на личните податоци.
[2] Личните податоци се неопходни за обработка од страна Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје со цел исполнување на правата и обврските што произлегуваат од договорот за осигурување, односно обработката на истите претставува основа за оценување на осигурително покритие и степен на оштета.

**член 20-б Цели за обработката на личните податоци**

[1] Личните податоци (телефонски број и електронска адреса – e-mail), Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје ги обработува со цел остварување на контакт заради ефикасно остварување на права и обврските кои произлегуваат од договорите за осигурување (полиси). Овие податоци за цели доставување на рекламни материјали, промоции, понуди како и за други цели на директен маркетинг од страна на Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје ќе бидат искористени само доколку имате дадено согласност, преку одбирање на соодветната опција за согласност. [2] Со цел водење на постапка за надомест на штета и воспоставување на бази на податоци за настанати штети, оценување на осигурително покритие и степен на оштета Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје обработува и копии од документи во кои се содржани и лични податоци. [3] Личните податоци од став 1 и став 2 на овој член Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје ги обработува само врз основа на претходна согласност од субјектот на личните податоци, а недавањето на согласност за обработка на овие податоци може да има за последица несоодветно оценување на осигурително покритие или степен на оштета или пак неисплаќање на оштетно барање. [4] Согласноста за обработка на личните податоци од ставот 3 на овој член може да се повлече во секое време преку доставување на известување за повлекување на согласност по пошта на следната адреса: ул. Мајка Тереза бр.2, 1000 Скопје, со назнака за Офицерот за заштита на лични податоци или преку електронска адреса dpo@halkinsurance.com.mk. Со повлекување на согласноста за обработка на лични податоци Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје ќе прекине со понатамошна обработка на личните податоци и истите ќе ги избрише од базите на податоци со што можат да настанат последици наведени во став 3 од овој член.

**член 20-в Рокови на чување на лични податоци**

[1] Личните податоци, Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје ги чува во рок за цело времетраење на договорниот облигационен однос, односно најмногу до 10 години по истекот на договорот за осигурување или во случај на настанување на штета, 10 години по затворањето на случајот на настанување на штетата, односно од денот на целосната исплата на надоместокот за настаната штета согласно член 109 став 8 од Законот за супервизија на осигурување. [2] По истекот на роковите од став 1 на овој член личните податоци ќе бидат избришани/уништени од базите на податоци на Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје и истите нема да се обработуваат за други цели.

**член 20-г Права на субјектите на личните податоци**

[1] Остварување на правата кои произлегуваат од Законот за заштита на личните податоци (право на пристап, корекција, бришење, ограничување на обработката на лични податоци, приговор и преносливост), се врши преку доставување на барање на електронската адреса на офицерот за заштита на лични податоци: dpo@halkinsurance.com.mk. На истата електронска адреса може да се достави барање во врска со сите прашања поврзани со обработката на личните податоци. [2] Доколку субјектот на лични податоци смета дека обработката на личните податоци за целите наведени во член 35-б, од страна на Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје не е во согласност со одредбите на Законот за заштита на личните податоци, или пак смета дека е повредено некое право за заштита на личните податоци, има право да поднесе барање за утврдување на прекршување на прописите за заштита на личните податоци до Агенцијата за заштита на личните податоци како надлежен орган за вршење на надзор над законитоста на преземените активности при обработката на личните податоци на територијата на Република Северна Македонија.

**член 20-д Пренос на личните податоци**

[1] Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје може да изврши пренос на лични податоци во земји членки на Европската Унија, земји членки на Европскиот економски простор и трети земји. За вршење на преносот на лични податоци во земји членки на Европската унија и Европскиот економски простори се известува Агенцијата за заштита на личните податоци, а преносот на лични податоци во трети земји се врши по претходно добиено одобрени од страна на Агенцијата за заштита на личните податоци. При вршење на преносот на личните податоци се обезбедува високо ниво на технички и организациски мерки за обезбедување на тајност и заштита на личните

податоци. Исто така, се обезбедуваат сите неопходни заштитни мерки за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци преку стандардни клаузули за заштита на личните податоци кои се одобрени и објавени од страна на Европската комисија. Сите дополнителни информации во однос на заштитните мерки може да се добијат со поднесување на барање до по пошта на следната адреса: ул. Мајка Тереза бр.1 влез 2 со назнака за Офицерот за заштита на лични податоци или преку електронска адреса dpo@halkisnurance.com.mk.

**член 20-ѓ Обработка на лични податоци за цели на директен маркетинг**
[1] Личните податоци за цели на директен маркетинг, Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје ги обработува само врз основа на експлицитна согласност за обработка на личните податоци за цели на директен маркетинг за своите услуги. [2] Согласноста за обработка на личните податоци за цели на директен маркетинг може да се повлече во секое време, бесплатно, со писмено барање (доставено на следната електронска адреса: dpo@halkinsurance.com.mk или по пошта до Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје, ул. Мајка Тереза бр.1 влез 2, 1000 Скопје, со назнака "До Офицерот за заштита на лични податоци").

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**
**член 21**

[1] За односите од договорот за осигурување се применува правото на Република Северна Македонија.
[2] За односите меѓу осигурувачот, договарачот и осигуреникот кои не се договорени во договорот за осигурување, се применува Законот за облигациони односи.

**Постапка по приговори**
Во случај осигурувачот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од 8 дена од приемот на писменото известување од осигурувачот, до Второстепената комисија за решавање на штети по приговор, која е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

**Постапка по жалба**
Договорувачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија на осигурување како орган надлежен орган за супервизија на друштвата за осигуруавање.

**Решавање на спорови**
Евентуалните спорови кои би произлегле од договорот за осигурување, договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку до спогодба не дојде надлежен е Основен суд Скопје 2 Скопје.

Овие Услови се донесени врз основа на Овластување на Одборот на директори на Друштво за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје дадено на својата редовна седница на 15.11.2021 година со Одлука бр.0203-09/08 и ќе се применуваат од 23.02.2022 година.

Главен извршен директор
Суат Инан

Извршен директор
Славчо Таушанов